РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

---

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Скопје, април 2012 година

## В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите и начинот за вршење на туристичката дејност во Република Македонија поблиску се уредени со Законот за туристичка дејност, Законот за угостителска дејност, Законот за таксата за привремен престој, додека индиректно влијание врз условите за вршење на оваа дејност имаат и други законски прописи кои на пр. ја регулраат фискалната политика, заштитата на правта на потрошувачите и сл.

Иако, Законот за туристичка дејност, во три наврати минатата година е менуван и дополнуван, Државниот пазарен инспекторат има воочено одредени недостатоци при неговата примена, заради што има доставено иницијатива до Владата на Република Македонија, со цел нивно надминување. Станува збор за изземање одредени прекршоци од постапката за едукација и нивно префрлање во прекршоци, за кои е предвидено директно санкционирање т.е. изрекување парична казна на лице место. На овој начин иницијаторот цени дека ќе се постигне еднаков третман на вршителите на туристичка дејност со вршителите на угостителската и трговската дејност, пред се во примената на одредбите со кои се регулираат условите за вршење туристичка дејност, како и заштитата на правата на корисниците на овие услуги.

Поради ова, Министерството за економија врз основа на Извадоците од Нацрт-записникот од 51-ва седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.03.2012 година подготви измени на Законот за туристичка дејност, во насока подобрување на условите за вршење на оваа дејност во Република Македонија. Бидејки станува збор за измени во материјалниот дел од законот со кои се воведува задолжително ангажирање лиценциран туристички водич за организирани групи на туристи при влез во Република Македонија, а сто тоа се регулира и начинот на санкционирање т.е. изрекување парични казни на лице место за странски прврани лица и странските државјани кои нема да ја почитуваат оваа обврска, неопходно е мислење од надлежни институции Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта заради која се изготвува и донесува овој закон е:
-воведување еднаков третман во примената на законските одредби од страна на вршителите на туистичка дејност со вршителите на угостителската дејност и трговската дејност,
-подобрување на квалитетот на услугата во овој сектор,
-заштита на правата на потрошувачите и
-зголемување на стапката на вработеност во секторот туризам.

Како основни решенија кои ги нуди овој закон се:

-изземање одредени прекршоци за кои е предвидена постапка за едукација и нивно директно санкционирање. Станува збор за следниве прекршоци:
1) не го извести со посебен образец ДПИ и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку 8 дена пред почетокот на вршењето на дејноста,
2) за продажба на авио билети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат и
3) не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги.

-задолжително ангажирање лиценциран туристички водич за организирани групи на туристи при влез во Република Македонија

III. ОЦЕНА И ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Се предвидуваат позитивни финансиски поседици врз буџетот бидејќи со предлог законот се заострува критериумот за санкционирање т.е. изрекувањето глоба на лице место, во случај констатирани одредени прекршоци од страна на надлежните инспекциски органи, за кои прекршоци во моментов е предвидена постапка за едукација без изрекување парична казна.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Нема потреба од обезбедување дополнителни финансиски средства за спроведување на законот, ниту пак истиот повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија„ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11 и 53/11), во членот 39 по ставот 1 се додава нов став кој гласи:

"Странски туроператор кој носи туристи во Република Македонија без посредство на домашен туроператор, или без склучен договор со лиценциран туристички водич во Република Македонија, има обврска во рок од 8 (осум) часа од часот на влегување во Република Македонија да ангажира домашен лиценциран туристички водич, со склучување договор со еден од следниве вршители на туристичка дејност: Здружението на туристички водичи и придружници, туристичка агенција со лиценца А, туристичко биро, или со физичко лице-туристички водич евидентирано во регистарот кој го води општината, односно градот Скопје."

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Во членот 61 став 1 броевите 1, 4 и 6 се бришат.

Член 3

Во членот 71 во став 1 по точката 7 се додава нова точка 8, која гласи:

"странскиот туроператор кој носи туристи во Република Македонија без посредство на домашен туроператор, или без склучен договор со лиценциран туристички водич во Република Македониј , не постапи согласно членот 39 став 2."

Во ставот 2 по бројот 1 се додаваат зборовите "точка 1, 2,3, 4, 5,6 и 7".

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"Глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место на одговорното лице за организираната група туристи, за дејствијата од ставот 1 точка 8 на овој член."

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5

Член 4

Се задолжува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за туристичка дејност.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИЗАМ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Како што е наведено во делот II од предлог постапката, целта заради која се изготвува и донесува овој закон е воведување еднаков третман во примената на законските одредби од страна на вршителите на туистичка дејност со вршителите на угостителската дејност и трговската дејност и задолжително ангажирање лиценциран туристички водич за организирани групи на туристи при влез во Република Македонија.

Со членот 1 од предлог законот се дополнува членот 39 кој го регулира вршењето дејност туристички водич во Република Македонија. Имено, со оваа интервенција, се утврдува постапката за задолжително ангажирање лиценциран туристички водич од страна на странски туроператор кој носи туристи во Република Македонија без посредство на домашен туроператор, или без склучен договор со лиценциран туристички водич во Република Македонија. Имено, за странската туристичка агенција е преедвидена обврска во рок од 8 (осум) часа од часот на влегување во Република Македонија да ангажира домашен лиценциран туристички водич, со склучување договор со еден од следниве вршители на туристичка дејност: Здружението на туристички водичи и придружници, туристичка агенција со лиценца А, туристичко биро, или со физичко лице-туристички водич евидентирано во регистарот кој го води општината, односно градот Скопје.

Со членот 2 од предлог законот се врши измена во членот 61 со кој се врши изземање одредени прекршоци за кои е предвидена постапка за едукација. Со новата измена се предвидува нивно директно санкционирање без претходно водење постапка за едукација. Станува збор за следниве прекршоци:

1) не го извести со посебен образец ДПИ и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку 8 дена пред почетокот на вршењето на дејноста,

2) за продажба на авио билети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат и

3) не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги.

За овие прекршоци сега на само место ќе се изрече глоба во износ од 800 евра за правното лице, глоба во износ од 100 евра и на одговорното лице во правното лице и глоба во износ од 200 евра ќе му се изрече на самото место на трговец – поединец.

Со членот 3 се врши дополна на членот 71 и тоа се воведува казнена одредба за новата материјалната одредба од членот 39 со која се воведува задолжително ангажирање лиценциран туристички водич за организирани групи туристи при влез во Република Македонија. Имено, за странскиот туроператор кој нема да постапи согласно оваа обврска предвидено е глоба во износ од 2000 до 4000 евра за правното лице, додека за одговорното лице за организираната група туристи на самото место ќе му биде изречена глоба во износ од 1000 до 2000 евра.

Со членот 4, Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија се задолжува да утврди пречистен текст на Законот за туристичка дејност.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

НЕМА

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

- воведување еднаков третман во примената на законските одредби од страна на вршителите на туристичка дејност со вршителите на угостителската дејност и трговската дејност,
-подобрување на квалитетот на услугата во овој сектор,
-заштита на правата на потрошувачите и
-зголемување на стапката на вработеност во секторот туризам.

IV.ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИЗАМ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 39

Туристички водич е лице кое на домашните и странските посетители во Република Македонија им ги презентира природните и антропогените туристички атрактивности, историјата на земјата и културно-историските споменици, уметнички дела, етнографски и други атрактивности, историски настани, легенди и личности за тие настани, општественото уредување на земјата и има комуникативни способности општи познавања од туризмот и психологијата на туризмот и го познава јазикот кој го користат странските туристи.
За туристички водич не се смета стручен работник кој ја врши дејноста водич на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи (музеј, галерија, национален парк и слично), стручен работник на туристичката агенција кој прати група туристи од место во место, водич во планина и пештера, водич на лов и риболов, како и водител или придружник на екскурзии и излети.

Член 61

Доколу при вршењето на инспекцискиот надзор, државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членот 67 став 1 точка 3 и членот 68 став 1 точка 1,2, 3, 4,5,6, 7 и 8 на овој закон, државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената нправилност со укажување за отстранување на сторената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување едукација на лицето, или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата, односно градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот пазарен инспекторат, односно органот на државната управа кој го извршила инспекцискиот надзор во рок не подолг од осум дена, од денот на спроведување на инспкцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти, или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин, лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата, се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврената неправилност.

Доколку државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор при спроведување контролен надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор при спроведување контролен надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

Државниот пазарен инспектор, односно органот на државна управа кој што го извршил инспекцискиот надзор и кој што ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата, односно градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје.

Член 71

Глоба во износ од 2000 до 4000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1)не организира туристичко патување за своите членови и членовите на нивното потесно семејство преку туристички агенции, јавно ги огласува и рекламира туристичките патувања (член 6 став1);

2)врши активности спротивно на одредбите од членовите 37 на овој закон;

3) врши дејност без да е регистриран во трговскиот регистар (член 3 став 1);

4)не склучи договор со корисникот на услугата во која ќе бидат јасно определени условите и начинот на давање на услугите (член 15 став 1 точка 5);

5) нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1);

6) имателот на лиценца "А" при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 31 на овој закон

7) имателот на лиценцата 'Б"при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 32 на овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 700 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец - поединец, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

За прекршоците утврдени во овој член, државниот пазарен инспектор е должен да поднесе барање за прекршочна постапка до надлежниот суд.